# ТТФ прослави 16 години од своето постоење



Технолошко-технички факултет по повод одбележувањето на 16 години Универзитет "Гоце Делчев", на 28.03.2023 година организираше презентација на моден проект изработен од страна на студентите од насоката Дизајн на текстил и облека.

Презентирана беше инсталација во вид на изложба на модели, модни додатоци, модни илустрации и проекција на моден излог, а фокусот беше ставен на студентите, на нивната идеја, креативност и неконвенционален визуелен јазик и уметнички приказ.

Проф. д-р Марија Ќертакова во улога на ментор ја претстави својата работа и работата на своите студенти со кои работеше по предметите: модна илустрација, дизајн на модна колекција и модни додатоци.

Настанот доживеа висок публицитет и посетеност, не само од страна на раководниот тим на универзитетот, на прво место ректор, проректори, универзитетски професори и студенти, туку и од страна на еминентни уметници, матуранти, ученици и заинтересирани граѓани.







За дополнителни информации проследете го линкот:

https://life.ugd.edu.mk/index.php/ugd-zivot/nastan-28-3-16-god-ugd